ДО

ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

drustvonapisatelimk@gmail.com

ПРИЈАВА

Од Гоце Ристовски

Почитувани,

се пријавувам за кандидат за избор на претседател на Друштвото на писателите на Македонија што ќе се изврши на Вонредното изборно собрание, закажано за 25 ноември 2023 година.

Поднесувам ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД, акценти на главните активности. Деталната програма, метод, начин на работа, рокови и сл. ќе изнесам на вонредното изборно собрание.

-натамошно јакнење на дигнитетот на ДПМ како активен чинител во културата и општеството и на членовите-писатели како совест на општеството

-реорганизација на ДПМ во дослух со потребите на времето, општествената стварност во земјата и светот и со брзиот техничко технолошки развој на глобално ниво со нагласка на статусот на ДПМ како синдикална асоцијација со првенствена грижа за членовите - писатели

-натамошна демократизација на условите и начинот на прием на нови членови

-подобрување на статусот на професијата писател на достојно ниво од културолошки и социоекономски аспект

-подржување и активна соработка со конретни иницијативи и иновативни програми со литературните фестивали и други книжевни манифестации во земјата и дијаспората

-подршка на литертурните клубови во земјава и во дијаспората и помош за нивна афирмација

-натамошно проширување и зајакнување на соработката со Министерството за култура и другите надлежни државни тела, институции и агенции

-соработка со издавачките куќи

-релно вреднување на писателскиот труд со напори за промена на стандардите за плаќање на авторскиот туд

-максимално залагање за почитување на авторските права на писателите

-реално евидентирање на членството со воведување на членски карти

-обезбедување на бенефити за членството – попусти за купување книги, посебно за купување сопствени книги, компјутери, попусти за патувања, посети на културни манифстации (театарски претстави, филмски проекции и сл.)

-натамошно негување на воспоставените манифестации на ДПМ и воведување нови, пред се во внатрешноста на државата

-натамошна афирмација и угледот на наградите на ДПМ како клучен чинител во афирмацијата на уметноста и култрата во земјата и во стрнство и воведување нови награди што ќе бидат именувани според членови на ДПМ со углед и респект не само во нашата земја туку и во светот

-организирање трибини на актуелни теми со учество на еминетни познавачи од земјата и странство

-натамошен развој на издавачката дејност на ДПМ

-активна натамошна сорботка со сродни асоцијации од странство, првенствено од соседните и балканските земји

-користење на средства од ЕУ фондовите за култура и уметност преку конкретни  проекти

-заштита и грижа за македонскиот јазик, македонската литература и култура и на јазиците и културите на другите народи кои живеат во мултиетничка и мултикултурна Македонија.
-удостојување на трајните вредности на книжевното наследство и на книжевните достигнувања на ДПМ. Достојно чествување на книжевната традиција, книжевните великани, столбови на книжевноста во Македонја, чествување на важни датуми, години и јубилеи. Водење грижа за афирмација на книжевните дострели на членовите на ДПМ и поддршка на млади творечки потенцијали
-грижа за етички, хумани, цивилизациски вредности. Почитување на вредности и разлики меѓу творците кои се од различни генерации, со различни естетски определби, поетики и практики, негуваат различни жанрови и творат на различни јазици.
ДПМ нема да застапува никаква: расна, полова, верска, национална или јазична дискриминација, ниту ќе толерира говор на омраза.

-ДПМ ќе застапува почитување на вредности и разлики и ќе поддржува рамноправност и еднаквост.

-застапување за слобода на говорот.

-афирмација на книжевноста, особено меѓу децата и младите.

-ДПМ ќе продолжи со спроведување на програмите започнати од претходното раководство а широко прифатени од членството.

Скопје 3.11.2023